# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр. 3/26
## 10.03.2026 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за измена и дополнување на Решение за именување на претседател и членови на постојаните комисии на Советот на општина Неготино**

Се објавува **Решение за измена и дополнување на Решение за именување на претседател и членови на постојаните комисии на Советот на општина Неготино ,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **06.03.2026** година.

**Бр.09- 548/1**
**10.03.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа „ Сл.весник на РМ “ бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ “ бр. 202/24 ) член 80 и член 81 од Статутот на општина Неготино ( Сл.гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **06.03.2026** година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за измена на Решение за избор на претседател и членови на постојаните комисии на Советот на Општина Неготино**

**Член 1**

- **Во член 1 точка 4 се врши измена на составот на Комисијата за локален економски развој , на местото на членот на комисијата Ангел Арсов се избира Никола Ламбев .**

- **Во член 1 точка 5 се врши измена на составот на Комисијата за месна самоуправа , на местото на членот на комисијата Вуле Младеновиќ се избира Љубе Темелков**

- **Во член 1 точка 9 се врши измена на составот на Комисијата за еднакви можности , на местото на членот на комисијата Нена Темелкова се избира Љубе Темелков.**

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на Општина Неготино “ .**

**бр.08- 463/ 4**
**06.03.2026 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател ,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за воспоставување за меѓуопштинска соработка помеѓу општините на Повардарски регион**

Се објавува **Одлука за воспоставување за меѓуопштинска соработка помеѓу општините на Повардарски регион ,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **06.03.2026** година.

**Бр. 09- 548/2**
**10.03.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 4 став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ “ бр.79/09 и „Службен весник на РСМ “ бр.241/24), член 14 и член 50 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( „ Сл.весник на РМ “ бр.05/02 и „ Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 79 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („Сл. Гласник на општина Неготино “ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22) , Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **06.03.2026** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион**

**Член 1**

Се воспоставува меѓуопштинска соработка со општина Неготино, Кавадарци, Гевгелија, Велес, Градско, Демир Капија, Лозово, Росоман, Чашка, Валандово, Дојран и Богданци заради вршење работи од надлежност на општините кои се однесуваат на поефикасно и поекономично вршење на надлежностите на општините утврдени во член 22 од Законот за локална самоуправа, а кои се однесуваат на соработка за унапредување на економскиот развој на општините преку соработка со управувањето со Повардарскиот регион ( општините Неготино, Кавадарци, Гевгелија, Велес, Градско, Демир капија, Лозово, Росоман, Чашка, Валандово, Дојран и Богданци ) за промоција на поширокиот Повардарски регион како туристичка дестинација и стратешки развој на туристичка дестинација.

**Член 2**

Меѓуопштинската соработка од член 1 на оваа одлука ќе се остварува преку Комисијата за меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино“ .**

**бр.08- 463 / 5**
**06.03.2026 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за кофинансирање на општина Неготино во реализација на проектот „Унапредување на животниот стандард во Вардарски плански регион, преку подобрување на патната инфраструктура во општините Неготино, Градско, Демир Капија и Чашка“**

Се објавува **Одлука за кофинансирање на општина Неготино во реализација на проектот „Унапредување на животниот стандард во Вардарски плански регион, преку подобрување на патната инфраструктура во општините Неготино, Градско, Демир Капија и Чашка“ ,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **06.03.2026** година.

**Бр. 09- 548/3**
**10.03.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02 и Службен весник на РСМ” бр.202/24) и член 79, став 1, точка 50 од Статутот на општина Неготино (“Сл. Гласник на Општина Неготино” бр. 3/06,2/11,9/11,16/12,16/14,13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 06.03.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за кофинансирање на Општина Неготино во реализација на проектот „Унапредување на животниот стандард во Вардарски плански регион, преку подобрување на патната инфраструктура во општините Неготино, Градско, Демир Капија и Чашка“**

**Член 1**

Општина Неготино,партнер во проектот учествува со сопствени средства во реализација на проектот**„Унапредување на животниот стандард во Вардарски плански регион, преку подобрување на патната инфраструктура во општините Неготино, Градско, Демир Капија и Чашка“**

**Член 2**

Вкупната вредност на проектот**„Унапредување на животниот стандард во Вардарски плански регион, преку подобрување на патната инфраструктура во општините Неготино, Градско, Демир Капија и Чашка“ конкретно проектот„ Реконструкција на улица во населено место Криволак на КП 2548,општина Неготино“** изнесува 3.547.995,00 денари со вклучен ддв, од кои Центарот за развој на Вардарски плански регион ќе обезбеди средства во висина од 2.537.499,00 ден, преку Министерство за локална самоуправа-Биро за регионален развој, додека сопственото учество на Општина Неготино во проектот изнесува 1.010.496,00 денари.

**Член 3**

Финансиските средства за оваа намена ќе се обезбедат од буџетот на општина Неготино за 2026 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „ Службен гласник на општина Неготино “.

**бр.08- 463 / 6**
**06.03.2026 година**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Лилјана Арсова Митрова с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма на општина Неготино за заштита на здравјето и работната ефикасност насочена кон унапредување на безбедноста и условите за работа , преку повеќе мерки , вклучително и случајни безбедоносни проверки во определени сектори и организациони единици**

Се објавува **Програма на општина Неготино за заштита на здравјето и работната ефикасност насочена кон унапредување на безбедноста и условите за работа , преку повеќе мерки , вклучително и случајни безбедоносни проверки во определени сектори и организациони единици, што советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 06.03.2026 година.**

**Бр. 09- 548/4**
**10.03.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15, а во врска со член 21 став (1) и член 22 став (1) точка 5, 6, 7 , 8, 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ “ бр. 05/02 и „Службен весник на РСМ “бр.202/24), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **06.03.2026** година ја донесе следната

## ПРОГРАМА

### на општина Неготино за заштита на здравјето и работната ефикасност насочена кон унапредување на безбедноста и условите за работа, преку повеќе мерки, вклучително и случајни безбедносни проверки во определени сектори и организациони единици

### Член 1

Со оваа Програма се уредуваат целите, мерките и активностите за заштита и унапредување на здравјето, безбедноста при работа и работната ефикасност на вработените во општинската администрација и организационите единици под надлежност на општината **во согласност со Законот за безбедност и здравје при работа и Законот за работните односи**.

### Член 2

Целите на Програмата се:

- заштита и унапредување на физичкото и психичкото здравје на вработените;
- подобрување на условите за работа и намалување на ризиците на работното место;
- зголемување на работната ефикасност и квалитетот на услугите;
- развивање култура на безбедност, превенција и одговорност;
- навремено идентификување и отстранување на потенцијални ризици.

**Член 3**

Програмата се применува на:

- општинската администрација;
- сите сектори, оддели и организациони единици во рамки на општината;
- јавни претпријатија и установи основани од општината, во согласност со нивните надлежности.

**Член 4**

За реализација на целите од оваа Програма се преземаат следните мерки и активности:

1. Превентивни здравствени мерки;
2. Мерки за безбедност и здравје при работа;
3. Случајни безбедносни проверки;
4. Организациски и мерки за унапредување на работната ефикасност.

**Член 5**

Превентивните здравствени мерки опфаќаат:

- поттикнување редовни превентивни здравствени прегледи;
- подобрување на хигиенските услови на работните места;
- активности за намалување на стресот и подобрување на психосоцијалната благосостојба.

**Член 6**

Мерките за безбедност и здравје при работа вклучуваат:

- идентификација и проценка на ризиците при работа;
- подобрување на опремата и условите за безбедно работење;
- едукација и информирање на вработен

**Член 7**

Во рамки на Програмата се предвидува спроведување на **случајни безбедносни проверки** во определени сектори и организациони единици, со цел проверка на почитувањето на безбедносните прописи и унапредување на безбедноста при работа.

**Проверките се спроведуваат:**

- **на недискриминаторски и транспарентен начин;**
- **со почитување на достоинството и приватноста на вработените;**
- **од овластено лице или надворешна стручна служба.**

**Член 8**

По спроведените проверки се изготвуваат наоди и препораки, а надлежните организациони единици се должни да преземат мерки за отстранување на утврдените недостатоци во утврден рок.

**Член 9**

Организациските и ефикасносни мерки се насочени кон:

- унапредување на организацијата на работниот процес;
- подобрување на меѓусекторската соработка;
- примена на добри практики за зголемување на продуктивноста.

**Член 10**

За спроведување на оваа Програма се задолжуваат Градоначалникот на општината, раководителите на секторите и организационите единици, како и други овластени лица согласно прописите.

**Член 11**

Спроведувањето на Програмата се следи преку редовни извештаи,

анализа на постигнатите резултати и, по потреба, предлагање измени и дополнувања.

**Член 12**

Средствата за реализација на оваа Програма се обезбедуваат од Буџетот на општината и од други дозволени извори, согласно закон.

**Член 13**

Оваа Програма може да се измени и дополни само во писмена форма.

**Член 14**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на Општина Неготино”.**

**бр.08- 463 / 7**
**06.03.2026 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Неготино нза периодот 01.01.2025 – 31.12.2025 година**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Неготино нза периодот 01.01.2025 – 31.12.2025 година , што советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 06.03.2026 година.**

**Бр. 09- 548/5** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**10.03.2026 година** **Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (,,Сл.весник на РМ “ бр. 5/02 и ,,Сл.весник на РСМ “ бр.202/24 ), и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино (,, Сл.гласник на општина Неготино,, бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 ,16/14 , 13/20 и 3/22 ), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **06.03.2026** година го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**За усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Неготино за периодот 01.01.2025- 31.12.2025 година**

**Член 1**

Советот на Општина Неготино го усвои **Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Неготино** за периодот **01.01.2025- 31.12.2025 година** година.

**Член 2**

Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на Општина Неготино “.**

**бр.08- 463 / 8**
**06.03.2026 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за потрошените средства од тековна резерва и постојана резерва од Буџетот на општина Неготино**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Извештајот за потрошените средства од тековна резерва и постојана резерва од Буџетот на општина Неготино , што советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 06.03.2026 година.**

**Бр. 09- 548/6**
**10.03.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ ,, бр.5/02 и Сл.весник на РСМ ,, бр.202/24) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино (,, Сл.гласник на Општина Неготино ,, бр.3/06, 2/11 , 9/11, 16/12 , 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Советот на општина неготино на седницата одржана на ден **06.03.2026** година го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Извештај за потрошени средства од тековна резерва и постојана резерва од Буџетот на Општина Неготино за 2025**

**Член 1**

**Се усвојува** Извештајот за потрошени средства од тековна резерва и постојана резерва од Буџетот на Општина Неготино за 2025 година .

Извештајот е составен дел на овој Заклучок.

**Член 2**

Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на Општина Неготино “.**

**бр.08- 463/ 9**
**06.03.2026 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлука за извршување на Буџетот на општина Неготино за 2026 година**

Се објавува **Одлука за изменување и дополнување на Одлука за извршување на Буџетот на општина Неготино за 2026 година , што советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 06.03.2026 година.**

**Бр. 09- 548/7** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**10.03.2026 година** **Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ( „Службен весник на РМ “ број 5/02 и „Службен весник на РСМ “ број 202/24), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на РМ “ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на РСМ “ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25) , Закон за буџетите ( „ Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21 и 3/25) Законот за извршување на буџет на РСМ за 2026 година ( „ Службен весник на РСМ 253/25 “ ) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино (“Службен гласник на Општина Неготино” број 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 ,16/14, 12/16, 13/20 и 3/22 ), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 06.03.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

### за измена и дополнување на Одлука за извршување на Буџетот на општина Неготино за 2026 година

### Член 1

Во Одлуката за извршување на Буџет на општина Неготино за 2026 година :
Во член 6 став 4 зборот **„ наемнини “** се брише .
Во член 10 годината **„ 2025 “** се менува и гласи **„ 2026 “**.
Во член 12 став 1 по зборот **„ месечна “** се додава зборот **„ нето “.**

**Член 13 се менува и гласи :**

„ **На работникот за време на службено патување во земјата му се надоместуваат трошоците за дневница, трошоците за превоз и трошоците за ноќевање. Дневницата за службено патување се пресметува од часот на тргнувањето на работникот на службеното патување, до часот на враќањето со превозното средство и тоа: - 100% од износот на дневницата, ако патувањето траело повеќе од 12 часа или - 50% од износот на дневницата, ако патувањето траело од 8 до 12 часа “**

**- Доколку работникот во ист ден, дел од работното време го помине на работното место, а дел е на службен пат, кој е пократок од 8 часа, часовите**

**поминати на службен пат над полното работно време му се сметаат за прекувремена работа. (3) Доколку за време на службеното патување се покриени трошоците на работникот за исхрана, превоз и ноќевање, му се исплатува 20% од износот на дневницата. (4) На работникот му се признаваат и други трошоци, што ги направил во врска со вршењето на работата, поврзани со службеното патување, по претходно овластување на работодавачот, односно од него овластено лице.**

**- На вработениот му се надоместуват издатоците за службено патување во странство, согласно Уредбата за издатоците за службени патувања.**

**Износот на дневницата за службено патување во странство се исплатува:**

- **50% од утврдената дневница ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на работодавачот;**
- **20% од утврдената дневница ако издатоците за сместување и исхрана не паѓаат на товар на работодавачот и**

**- 5% од утврдената дневница ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на работодавачот, а престојот е над 30 дена. Под стручно оспособување и усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови на средби организирани во странство на мултилатерална и билатерлана основа.**

**(3) Пресметката на издатоците за службено патување во странство преку дневница се одредува на следниот начин:**

- **една дневница за секои 24 часа поминати на службено патување во странство и ако вкупното патување трае подолго од 12 часа и**
- **половина дневница за време од 12 часа поминати на службено патување во странство, како и во случај кога остатокот од времето во континуитет е подолго од 8 часа.**

**(2) Средствата за службено патување во странство треба да се предвидат во Буџетот на Општина Неготино.**

Во член 15 Програмата „ **ДО –Градоначалник** “ се заменува со програмата **„ ЕО – Општинска администрација “** и се додаваат зборовите **„ Расходно конто 464990 – Други трансфери** “.

Во член 18 став 1 Програмата „ **ДО –Градоначалник “** се заменува со програмата **„ ЕО – Општинска администрација “** и се додаваат зборовите програма **„ К- Култура “** и програма **„ Њ0 – Противпожарна заштита “ .**

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „ **Службен гласник на општина Неготино “.**

**бр.08- 463 / 10**
**06.03.2026 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова** с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за давање на трајно користење без надомест на прочистувачи на воздух**

Се објавува **Одлука за давање на трајно користење без надомест на прочистувачи на воздух, што советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 06.03.2026 година.**

**Бр. 09- 548/8**
**10.03.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа ( „Службен весник на РМ “ бр.5/02 и „Службен весник на РСМ “ бр.202/24 ) член 79 став 1 точка 34 од Статутот на општина Неготино ( Службен гласник на општина Неготино бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 ,16/14, 13/20 И 3/22), Советот на општина неготино на седницата одржана на ден **06.03.2026** година ја усвои следната

**О Д Л У К А**
**За давање на трајно користење без надомест на прочистувачи на воздух**

**Член 1**

Општина Неготино на трајно користење без надомест отстапува прочистувачи на воздух на **ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “ Неготино** со следните карактеристики:

1. Прочистувач на воздух
   - **Производител: MANN+ HUMMEL**
   - **Модел : OURAIR SQ 2500**
   - **Инвентарен број : 250192**

2. Прочистувач на воздух
   - **Производител: MANN+ HUMMEL**
   - **Модел : OURAIR SQ 2500**
   - **Инвентарен број : 250193**

**Член 2**

Општина Неготино на трајно користење без надомест отстапува прочистувач на воздух на **ООУ „ Гоце Делчев “ Неготино** со следните карактеристики:

Прочистувач на воздух
- **Производител: MANN+ HUMMEL**
- **Модел : OURAIR SQ 1750**
- **Инвентарен број : 250208**

**Член 3**

.

Општина Неготино на трајно користење без надомест отстапува прочистувач на воздух на **ООУ „ Страшо Пинџур “ Неготино** со следните карактеристики:

Прочистувач на воздух

- **Производител: MANN+ HUMMEL**
- **Модел : OURAIR SQ 1750**
- **Инвентарен број : 250209**

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “.**

**бр.08- 463 / 11**
**06.03.2026 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Лилјана Арсова Митрова с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Интегриран извештај за доставени финансиски извештаи ( отчети) на здруженија на граѓани/фондации од општина Неготино за добиените финансиски средства од Буџетот за 2025 година**

Се објавува **на Заклучок за усвојување на Интегриран извештај за доставени финансиски извештаи ( отчети) на здруженија на граѓани/фондации од општина Неготино за добиените финансиски средства од Буџетот за 2025 година, што советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 06.03.2026 година.**

**Бр. 09- 548/9** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**10.03.2026 година** **Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („ Сл.Весник на РМ “ бр.5/02 и „ Сл.Весник на РСМ“ бр.202/24) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино (Сл.Гласник на општина Неготино бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 ,16/14,13/20 и 3/22 ), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **06.03.2026** година го усвои следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Интегриран извештај за доставените финансиски извештаи ( отчети ) на здруженија на граѓани/фондации од Општина Неготино за добиени финансиски средства од Буџетот за 2025 година**

**Член 1**

Се усвојува **Интегриран извештај за доставените финансиски извештаи ( отчети ) на здруженија на граѓани/фондации од Општина Неготино за добиени финансиски средства од Буџетот за 2025 година.**

Интегрираниот извештај е составен дел на овој Заклучок .

**Член 2**

Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето “ **Службен гласник на Општина Неготино”**

**бр.08- 463/ 12**
**06.03.2026 година**

Совет на Општина Неготино
Претседател,
Лилјана Арсова Митрова с.р**.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Интегриран извештај за доставени финансиски извештаи ( отчети) на спортските клубови од Општина Неготино за добиени финансиски средства од Буџетот за 2025 година**

Се објавува **на Заклучок за усвојување на Интегриран извештај за доставени финансиски извештаи ( отчети) на спортските клубови од Општина Неготино за добиени финансиски средства од Буџетот за 2025 година , што советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 06.03.2026 година.**

**Бр. 09- 548/10**
**10.03.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („ Сл.Весник на РМ “ бр.5/02 и „ Сл.Весник на РСМ“ бр.202/24) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино (Сл.Гласник на општина Неготино бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 ,16/14,13/20 и 3/22 ), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **06.03.2026** година го усвои следниот

## З А К Л У Ч О К

**За усвојување на Интегриран извештај за доставените финансиски извештаи ( отчети ) на спортските клубови од Општина Неготино за добиени финансиски средства од Буџетот за 2025 година**

**Член 1**

Се усвојува **Интегриран извештај за доставените финансиски извештаи ( отчети ) на спортските клубови од Општина Неготино за добиени финансиски средства од Буџетот за 2025 година.**

Интегрираниот извештај е составен дел на овој Заклучок .

**Член 2**

Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето “ **Службен гласник на Општина Неготино”.**

**бр.08- 463/ 13**
**06.03.2026 година**

**Совет на Општина Неготино**

**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р**

.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување Годишната програма за работа на ЈП „ Комуналец “ Неготино за 2026 година**

Се објавува **на Заклучок за усвојување Годишната програма за работа на ЈП „ Комуналец “ Неготино за 2026 година , што советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 06.03.2026 година.**

**Бр. 09- 548/11**
**10.03.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ( „ Сл.весник на РМ “ бр. 5/02 и „ Сл.весник на РСМ “ бр. 202/24) и член 79 став 1 точка 33 од Статутот на општина Неготино („ Сл. гласник на општина Неготино “ бр .3/06, 2/11, 9/11, 16/12 , 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **06 .03.2026** година го усвои следниот

## З А К Л У Ч О К

**за усвојување на Годишната програма за работа на ЈП „ Комуналец “ Неготино за 2026 година**

### Член 1

Советот на општина Неготино ја усвои **Годишната програма за работа на ЈП „ Комуналец “ Неготино за 2026 година** бр. **02-810/4** од **30.12.2025** година .

### Член 2

Овој Заклучок во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “.**

**бр.08- 463 / 14**
**06.03.2026 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за давање согласност на Измена на Годишниот план за вработување за 2026 година на ЈП „ Комуналец “ Неготино**

Се објавува **Решение за давање согласност на Измена на Годишниот план за вработување за 2026 година на ЈП „ Комуналец “ Неготино , што советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 06.03.2026 година.**

**Бр. 09- 548/12**
**10.03.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 20 а и член 20 б став 1 алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор ( „Службен весник на РМ “ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ “ бр. 143/19, 14/20 и 208/24 ) и член 79 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Неготино (,, Сл.гласник на Општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 ,16/14 , 13/20 и 3/22 ), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **06.03.2026** година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За давање согласност на Измена на Годишниот план за вработување за 2026 година на ЈП „ Комуналец “ Неготино**

**Член 1**

СЕ ДАВА согласност на **Измена на Годишниот план за вработување за 2026 година на ЈП „ Комуналец “ Неготино** со **бр.04-54/1 од 14.01.2026** година.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на Општина Неготино“ .**

**бр.08- 463/ 15**
**06.03.2026 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за именување на членови на Надзорниот одбор на ЈП „ Комуналец “ Неготино**

Се објавува **Решение за именување на членови на Надзорниот одбор на ЈП „ Комуналец “ Неготино, што советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 06.03.2026 година.**

**Бр. 09- 548/13**
**10.03.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 26 став 4 и 5, член 26 –а во врска со член 17-г став 5 и став 6 од Закон за јавни претпријатија ( Сл. весник на РМ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 9/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 , Сл.весник на РСМ бр. 35/19, 275/19, 89/22 274/22, 208/24 и 193/25 ) член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( „Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и „ Сл.весник на РСМ “ бр.202/24) и член 79 став 1 точка 29 од Статутот на општина Неготино ( Сл.гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **06.03.2026** година го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

### За именување на членови на Надзорниот одбор на ЈП „ Комуналец “ Неготино

**Член 1**

За членови на **Надзорниот одбор на ЈП „ Комуналец “ Неготино** се именуваат:

1. **Убавка Стошиќ**
2. **Филип Петровски**
3. **Марија Огњанова**

**Член 2**

Мандатот на членовите на **Надзорниот одбор на ЈП „ Комуналец “ Неготино** изнесува 4 години.

**Член 3**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во „ **Службен гласник на Општина Неготино“ .**

**бр.08- 463/ 16**
**06.03.2026 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Лилјана Арсова Митрова с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за преотстапување на парични средства за дотации на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино**

Се објавува **Одлука за преотстапување на парични средства за дотации на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино, што советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 06.03.2026 година.**

**Бр. 09- 548/14** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**10.03.2026 година** **Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” број 5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 79 став 1 точка 34 од Статутот на општина Неготино ( „ Сл.гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 , 16/14, 13/20 и 3/22), во врска со Барање за дотации на ЈП „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино бр. 03-8/1 од 20.01.2026 година на ЈП „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **06.03.2026** година ја донесе следната

## О Д Л У К А
## за преотстапување на парични средства за дотации на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино

### Член 1

Со оваа одлука од Буџетот на општина Неготино се преотстапуваат парични средства за дотации на **ЈП „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“** Неготино во износ од **2.000.000,00** денари.

Паричните средства за дотации се доделуваат заради покривање на тековни оперативни трошоци за нормално функционирање на јавното претпријатие.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„Службен гласник на Општина Неготино“.**

**бр.08- 463 / 17**
**06.03.2026 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Надзорен одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино**

Се објавува **Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Надзорен одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино, што советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 06.03.2026 година.**

**Бр. 09- 548/15**
**10.03.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 79 став 1 точка 29 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 , 16/14 и 13/20 и 3/22) , член 26 и и 26-а од Закон за јавни претпријатија ( Сл. весник на РМ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 9/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 , Сл.весник на РСМ бр. 35/19, 275/19, 89/22 и 274/22, 208/24 и 193/25) и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик , за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на Управен и Надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата , обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите ( Сл. весник на РСМ бр. 213/24 ) Советот на општина Неготино на седница одржана на ден **06.03.2026** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Надзорен одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино**

**Член 1**

Општина Неготино распишува **Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Надзорен одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино.**

**Член 2**

Јавниот повик ги содржи сите потребни податоци кои треба да ги исполнуваат заинтересираните кандидати, начинот на пријавување и избор согласно Законот за јавни претпријатија. Јавниот повик е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

За избор на член на Надзорен одбор на **Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино,** Советот на општина Неготино по предлог на Градоначалникот формира Комисија за селекција согласно закон.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “ .**

**бр.08- 463 / 18**
**06.03.2026 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работа за 2025 година на Локална библиотека „ Страшо Пинџур “ Неготино**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Извештај за работа за 2025 година на Локална библиотека „ Страшо Пинџур “ Неготино, што советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 06.03.2026 година.**

**Бр. 09- 548/16**
**10.03.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ ,, бр.5/02 и Сл.весник на РСМ ,, бр.202/24) и член 79 став 1 точка 33 од Статутот на општина Неготино (,, Сл.гласник на Општина Неготино ,, бр.3/06, 2/11 , 9/11, 16/12 , 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **06.03.2026** година го усвои следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Извештај за работа за 2025 година на Локална библиотека „ Страшо Пинџур “ Неготино**

**Член 1**

Советот на Општина Неготино го усвои **Извештај за работа за 2025 година на Локална библиотека „ Страшо Пинџур “ Неготино** со бр.03-07 од 09.01.2026 година.

**Член 2**

Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на Општина Неготино “.**

**бр.08- 463 / 19**
**06.03.2026 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца ЈУОДГ „Фемо Кулаков“ – Неготино што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат услугите**

Се објавува **Одлука за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца ЈУОДГ „Фемо Кулаков“ – Неготино што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат услугите , што советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 06.03.2026 година.**

**Бр. 09- 548/17**
**10.03.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( Сл. Весник на РМ“ бр. 5/02 и „ Сл. Весник на РСМ“ бр. 202/24) , член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 ,16/14, 13/20 и 3/22), член 116 алинеа 8 и член 191 став 2 од Законот за заштита на децата (Службен весник на РМ ” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), во врска со Предлог –Одлука бр. 0201-55 од 28.01.2026 на Управниот одбор на ЈУОДГ „Фемо Кулаков“ Неготино , Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **06.03.2026** година ја донесе следната

## О Д Л У К А

### утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца ЈУОДГ „Фемо Кулаков“ – Неготино што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат услугите

**Член 1**

Се утврдува износ од 2.000,оо денари како надомест на трошоци за престој на деца во ЈУОДГ „Фемо Кулаков“ Неготино што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат услугите на установата.

**Член 2**

Износот од член 1 од оваа одлука ќе се усогласува еднаш годишно според движењето на индексот на трошоците на животот во висина од 50 % и просечно исплатената плата на сите вработени во РСМ во висина од 50 % согласно формулата :

$$И^{1} = И^{o} \times ( 0,5 \times ГИТЖ + 0,5 \times ПП )$$

**И° - основен износ**

**ГИТЖ – годишен индекс на трошоци на живот ( изразен како процент)**

**ПП – пораст на просечно исплатена плата ( изразен како процент)**

**И $^{1}$ - усогласена цена**

**Член 3**

Се задолжува Управниот одбор на ЈОУДГ „Фемо Кулаков“ Неготино по стапување во сила на оваа одлука да донесе Правилник со кој поблиску ќе се утврдат мерилата, критериуми и начинот на пресметка на надоместокот - цена што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат услугите на установата .

По донесувањето на Правилникот од страна на УО на ЈУОДГ „Фемо Кулаков“ Неготино , Правилникот се доставува до основачот за добивање согласност .

**Член 4**

Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на Општина Неготино “.**

**бр.08- 463 / 20**
**06.03.2026 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за давање согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈОУДГ „Фемо Кулаков“**

Се објавува **Решение за давање согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈОУДГ „Фемо Кулаков“ , што советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 06.03.2026 година.**

**Бр. 09- 548/18**
**10.03.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 19 ст.5 од Законот за заштита на децата (Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25) член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,, Сл.весник на РМ “ бр.5/02 „ Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 79 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Неготино (,, Сл. гласник на Општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 16/14, 13/20 и 3/22 ), Советот на Општина Неготино на седница одржана на ден **06.03.2026** година го донесе сленото

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за давање согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈОУДГ „Фемо Кулаков“**

**Член 1**

Се дава согласност на **Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈОУДГ „Фемо Кулаков“ Неготино** со бр.**0201-114** од **20.02.2026** година донесен од страна на Управниот одбор на **ЈОУДГ „Фемо Кулаков“ Неготино** .

.**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на Општина Неготино “ .**

**бр.08- 463/ 21**
**06.03.2026 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
